26045

ВЕЧЕР ☆ 6 февруари 1980 година 5161, 15

СРЕДБА СО АКАДЕМСКИОТ СЛИКАР ИЛИЈА

# ПРЕДЕЛИ СО НЕПОВТОРЛИВИ ГЛЕТКИ


ИЛИЈА ПЕНУ

● **НА СВОЈАТА ПРВА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА ШТО Е ПРЕЗЕНТИРАНА ВО ЛИКОВНИОТ САЛОН НА ДЛУМ ВО СКОПЈЕ, ИЛИЈА ПЕНУШЛИСКИ СЕ ПРЕТСТАВУВА СО 23 ЦРТЕЖИ РАБОТЕНИ ВО ТУШ И СЕПИЈА**

**ВО ЛИКОВНИОТ САЛОН НА ДРУШТВОТО** на ликовните уметници на Македонија што е сместен во просториите на Трговскиот центар во Скопје, деновиве е во тек првата самостојна изложба на скопскиот академски сликар Илија Пенушлиски.

**НА ОВАА СВОЈА ПРВА** самостојна изложба Илија Пенушлиски се претставува со 23 цртежи работени во туш и сепија и токму тоа беше повод, во вчерашниот пригоден разговор, на овој талентиран сликар да му го поставиме прашањето во врска со побудите ликовниот самостоен старт да се означи со цртежи.

**— Цртежот, ни рече Илија Пенушлиски, е најпристапната, најнепосредната и најоголена ликовна дисциплина во однос на воспоставување на комуникација помеѓу создаденото дело и ликовната публика. Цртежот со својата проsирност овозможува директно да се дојде во допир со авторовата концепција, постапка и настројба.**

**— Што се однесува до мотивската преокупација на моите цртежи, продолжи Илија Пенушлиски, на преден план доминира пределот но исклучиво како повод и како појдовница кон разоткривањето на оние ликовни проблеми што произлегуваат од судирот на светлината и темнината при што се воздигаат неповторливи глетки и привиденија.**

**ИЛИЈА ПЕНУШЛИСКИ ВО 1971** година заврши Академија за ликовна уметност во Белград, а на постдипломски студии престојуваше во 1972/73 година на Прат институтот во Њујорк. Од 1971 година е член на Друштвото на ликовните уметници на Македонија и негови творби, работени во маслена техника, биле застапувани на сите позначајни изложби на ДЛУМ.

На традиционалната изложба „ДЛУМ-цртеж“ минатата година беше носител на високото признание, наградата „Климент Охридски“.

**ВО АПРИЛ ОВАА ГОДИНА** во Изложбениот салон на Центарот за култура и информации во Скопје Илија Пенушлиски ќе се претстави и со самостојна изложба на слики работени исклучиво во маслена техника, со што ќе биде претставен еден заокружен ликовен портрет на овој наш талентиран сликар.

**Т. Ширилов**